Коментари на Нацрт текст-Предлог Закон за вештачење

Согласно предложениот Нацрт текст на Предлог Законот за вештачење, вработените во Бирото за судски вештачења своите коментари ги концепираат во три дела и тоа: укажувања, забелешки и предлози:

**1.Укажувања**

Бирото за судски вештачења е формирано согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа. Според член 95 став 1 од Уставот, државната управа ја сочинуваат министерства и други органи на управата и организации утврдени со закон, а според ставот 3 на членот 95 од Уставот, организацијата и работата на органите на државната управа се уредуваат со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Според членот 51 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Надлежностите на Бирото за судски вештачења се утврдени со Законот за вештачење (Сл.весник на РМ бр.115/10, 12/14, 43/14, 104/15, 148/15, 192/15 и 64/18).

Имено, Бирото за судски вештачења врши стручни работи од областа на вештачењата и супервештачењата за потребите на судовите и јавните обвинителства во РСМ, за потребите на државните органи, јавните претпријатија, трговските друштва и фондовите основани од државата, физичките и правните лица, како и за други субјекти за кои е потребно да се изврши вештачење, како и работи на процена согласно со закон.

**2.Забелешки**

Во членот 44 ст.1 од Нацрт Законот за вештачење предвидено е БСВ по влегување во сила на овој закон да продолжи да работи најдолго уште шест месеци (една година) за кое време е должно да ги заврши сите предмети од областа на вештачењето и процената.

Забелешките во однос на овој став од членот 44 се во насока дека Законот за вештачење не може да ја регулира областа на процените, бидејќи истата е регулирана со одредбите на Законот за процена (Сл.весник на РМ бр.115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16)

согласно кои БСВ врши работи од областа на процената за потребите на органите на државната управа, без надомест.

Во членот 44 ст.2 од Нацрт Законот за вештачење предвидено е дека по влегување во сила на овој закон БСВ не смее да прима во работа нови предмети.

Забелешките во однос на овој став од членот 44 се дека БСВ согласно Законот за вештачење може да не прима нови предмети за вештачење, но не може да не прима и предмети за процена.

Со други зборови доколку во БСВ дојде Барање за вршење на процена од страна на некој орган на државна управа, Бирото нема да има основ истиот да го врати, односно да не постапи по тоа барање.

Но, доколку се врши и измена на Законот за процена, односно доколку БСВ се избрише и од овој закон, тогаш треба да се имаат во предвид и големите финансиски импликации за буџетот на државата, односно дополнителни финансиски импликации кои не се предвидени во буџетот на субјектот (органот на државната управа) кој ја бара процената.

**3.Предлози**

Нашиот предлог е БСВ ќе продолжи да врши стручни работи од областа на вештачења во кривична постапка само во предистражна постапка по барање на надлежен орган Основно јавно обвинителство (по примерот на Латвија како земја членка на Европската унија), како и вештачења и супервештачења во граѓанска постапка во предметите каде странка не е државата или орган на државната управа, и воедно да продолжи да врши работи од областа на процената за потребите на органите на државната управа.

Во тој случај Бирото за судски вештачења ќе остане во рамките на Законот за вештачење, со што би се направиле одредени измени согласно предходно наведеното.

Објаснувањето е следното: Со претходно наведеното БСВ нема да врши супервештачења по наредба на Судот во кривична постапка, но нема да се оздеде правото на Основното јавно обвинителство по негово видување и доверба во предистражна постапка да ги користи услугите на БСВ, како што ги користи услугите на други органи на државната управа. Во граѓанска постапка каде тужител и тужен се физички и правни лица постојат услови БСВ да изготвува вештачења и супервештачења, согласно довербата на странките и Судот, додека во предмети каде една од странките е државата или орган на државната управа БСВ нема да изготвува вештачење или супервештачење за да не се стави под сомнеж пред се начелото на непристрасност.

Со вакво законско решение нема да има потреба од укинување на БСВ со двотретинско мнозинство во собранието на РСМ, а истовремено ќе се задоволат барањата на Европската унија.

Доколку се исцрпени сите законски можности БСВ да продолжи со вршење на стручни работи од областа на вештачењата, предлагаме Бирото да продолжи да врши работи од областа на процената за потребите на органите на државната управа-без надомест.

Во тој случај надлежностите на БСВ би требало да бидат утврдени во Законот за процена.

На тој начин вработените во БСВ ќе продолжат со извршување на работните активности, поврзани со области регулирани со останатите закони на РСМ, а користејќи ги постоечките ресурси и основни средства заведени во книговостената евиденција на Бирото.

БСВ располага со проценители, стручен кадар кои редовно ги посетува обуките за проценители, соодветен административно стручен кадар, помошно-технички лица и технички ресурси, сите како и досега ставени во функција на изготвување на процени од соодветните области за потребите на органите на државната управа.

Напоменуваме дека постоењето и функцијата на БСВ не е регулирано само во Законот за вештачење и Законот за процена, туку и во други закони поврзани со експропријација, одземен имот, штети од непогоди, земјоделие, недвижен имот и сл. сето без надомест за изготвување на процените.

Согласно предходно наведеното видно е дека укинувањето на БСВ, односно престанокот на неговата работа, ќе предизвика и други проблеми, а пред се сериозни фискални импликации за буџетот на РСМ.